108.

27.IV-65

# Експресивен реализам

## СЛИКИ И ЦРТЕЖИ НА ЃУЗЕПЕ СИГАИНА — РАБОТНИЧКИ ДОМ ВО СКОПЈЕ

Изложбата на Ѓузепе Сигаина е прва самостојна изложба на еден странски сликар отворена во Скопје. Но таа не е значајна само по оваа формалност, туку и со своите вистински уметнички квалитети. Нејзиниот автор, веднаш по уметниците со светско реноме Карло Леви и Ренато Гутузо, е најзначаен преставник на италијанскиот реализам.

Скопската публика неколку дела од овие тројца сликари има видено на изложбата „Вајонт — Скопје". За нив може да се рече дека ги избегнале основните заблуди што се карактеристични за творештвото на некои уметници. Тие сериозно ги изучувале модерните мајстори и обликовните средства со кои се служи современото сликарство.

Во творбите на Сигаина можат да се забележат кубистички и фовистички елементи, но исто така очигледна е и неговата воздржаност во однос на футуризмот.

Одбегнувајќи ја тоталната изолираност на уметникот, неговата цел е да дојде во допир со луѓето и со актуелните проблеми на своето време. Но затоа пак, не го отфрлува експериментот, што му служи не како цел сама по себе, туку како средство подлабоко да ја протолкува стварноста.

Појдовната точка на неговите дела потекнува од субјективните немири и несреќи во масовните страдања. За да ја одрази стварноста и да ја изрази осудата против неа, како и протестот против војната, тој се служи со симболика и алегоричност, што потсетува на литературата на Елио Виторини и на неореализмот на Виторио де Сика.

Иако Сигаина пројавува реалистичко животно чувство и смисла за материјално егзистирање, страсниот ритам и напнатата архитектура на неговите творби, како и Ван Гоговото бујно доживување на предметот, го прават мошне близок со експресионистичката апстракција. Неговата експресионистичка форма и неговата реалистичка ангажирана содржина сочинуваат извесен експресионистички реализам.

Гледано во целост изложбата изгледа малку неизедначена. На пример, ако се споредат платната „Внатрешност со лавабо" и „Александра која спие", ќе се забележи голема разлика во ликовното пренесување на мотивите. Од друга страна пак, неговите "секвенци" во споредба со секвенциите на Пикасо (кои имаат просторно-временски повод) изгледаат мисловно неоправдани, а ликовно едноизразни.

Инаку неколку платна на Сигаина ни нудат вонредно уметничко доживување, како именители на една продлабочена стварност, потсилена со реалистичка носивост.

Композицијата „Пенушка — живот и смрт" всушност е составена од две слики кои ликовно се различни, а идејно поврзани во убедливо единство. Горната половина е една прекрасна лирска апстракција, а долната има графички дводимензионален карактер. Платното „Птица" се обликува со извесна модерна сензибилност, побудена од фотографиите на медицинските атласи, а „Малата внатрешност" со својата богата фактура.

Најдобрата слика на оваа изложба — Александра која спие" — е работена со посредство на вонреден талент и необично вдахновение. Студениот тоналитет, што е својство на целото негово сликарство, тука е во остварен склоп со градацијата на чувството и мислата: живот — сон и смрт.

**Паскал Гилевски**